# З А П И С Н И К

## Од Педесет и втората седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 13.07.2026 година, во 10:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на педесет и втората седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Маја Седрак и Лазо Трпков.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Миле Грозданоски и Ивана Ефремовски.***

Педесет и втората седница на Програмскиот совет започна во 10:10 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Педесет и втората седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 51-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Спроведување постапка и донесување одлука за избор на Заменик на директорот на Македонска радио-телевизија по објавениот Јавен конкурс.**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 51-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Педесет и првата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Спроведување постапка и донесување одлука за избор на Заменик на директорот на Македонска радио-телевизија по објавениот Јавен конкурс.**

Претседателот на Советот ја отвори втората точка од дневниот ред - Спроведување постапка и донесување одлука за избор на Заменик на директорот на Македонска радио-телевизија по објавениот Јавен конкурс и информираше дека објавениот Јавен конкурс за избор на Заменик на директорот на МРТ, е спроведен согласно постапка утврдена во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ. Конкурсот беше уредно објавен на 15.06.2026 година во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", на Програмските сервиси на МТВ и МРА, како и на интернет страната на МРТ и истиот траеше 15 работни денови, заклучно со 06.07.2026 година. Од увидот во штембилот за прием на пошта во Архивата на МРТ, се утврди дека сите пријави се поднесени во определениот рок од 15 работни денови. На Јавниот конкурс за избор на Заменик на директорот на МРТ пристигнати се осум пријави.

По завршување на воведниот дел од страна на Претседателот Пашоски, членовите на програмскиот совет пристапија кон отворање на ковертите пристигнати на Конкурсот за избор на Заменик на директорот на МРТ со цел разгледување и евалуирање на поднесените Програми на кандидатите.

Кандидати за избор на Заменик на директорот на МРТ:

1. Кандидат со шифра **"091310"**
2. Кандидат со шифра **"Бубо"**
3. Кандидат со шифра **"1205"**
4. Кандидат со шифра **"Енигма"**
5. Кандидат со шифра **"0696"**
6. Кандидат со шифра **"2010"**
7. Кандидат со шифра **"DDEL2026"**
8. Кандидат со шифра **"224651"**

По направениот увид во пристигнатите програми на Кандидатите од страна на сите членови на програмскиот совет, Претседателот се осврна на постапката за избор која е јасно пропишана во членот 124 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 64 од Статутот на МРТ, и појасни дека секој член на советот има право да гласа само за еден од кандидатите за Заменик на директорот на МРТ, а за избран ќе се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ. Притоа нагласи дека постапката, критериумите, начинот на разгледување на пријавите и начинот на одлучување по Конкурсот биле претходно утврдени и едногласно усвоени од членовите на Програмскиот совет на 39-та седница, врз основа на важечките законски и статутарни

одредби, а имајќи ги предвид добиените мислења од Министерството за дигитална трансформација и од независен правен експерт, при што записникот од наведената седница е јавно достапен и објавен во интерес на транспарентноста.

По детално разгледување на доставените програми, спроведената расправа и исцрпната дискусија по однос на секоја поединечна програма, Програмскиот совет на МРТ констатира дека се исполнети условите за продолжување на постапката и пристапи кон јавно гласање, поединечно за програмите на кандидатите. Гласањето беше спроведено согласно однапред утврдениот и едногласно усвоен начин на постапување, во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот на МРТ и заклучоците донесени од Програмскиот совет. При гласањето, секоја програма беше разгледувана и ставена на изјаснување според шифрата под која била доставена, со цел обезбедување анонимност на идентитетот на кандидатите, објективност при оценувањето и непристрасност при одлучувањето. Секој член на Програмскиот совет имаше право да даде еден глас за една од доставените програми, при што гласањето се спроведе јавно, со поединечно изјаснување на членовите и евидентирање на резултатите во записникот.

По спроведеното гласање, беа утврдени следните резултати:

1. Кандидат со шифра **“091310” – нема гласови**
2. Кандидат со шифра **“Бубо” – 10 (десет) гласови**
3. Кандидат со шифра **“1205” – 1 (еден) глас**
4. Кандидат со шифра **“Енигма” – нема гласови**
5. Кандидат со шифра **“0696” – нема гласови**
6. Кандидат со шифра **“2010” – 1 (еден) глас**
7. Кандидат со шифра **“DDEL2026” – 1 (еден) глас**
8. Кандидат со шифра **“224651” – нема гласови**

По спроведеното гласање, од вкупно 13 членови на Програмскиот совет на МРТ, беше констатирано дека програмата со шифрата „Бубо“ беше оценета како најдобра и освои најмногу, односно 10 (десет) гласови од членовите на Програмскиот совет.

По завршување на постапката на евалуирање на Програмите, членовите на програмскиот совет пристапија кон дешифрирање на програмите:

1. Кандидат со шифра **“091310” е лицето Неџмедин Шаќири**
2. Кандидат со шифра **“Бубо” е лицето Џуљиан Шабани**
3. Кандидат со шифра **“1205” е лицето Џенур Исеини**
4. Кандидат со шифра **“Енигма” е лицето Шпетим Нуредини**
5. Кандидат со шифра **“0696” е лицето Арлинда Калиси**
6. Кандидат со шифра **“2010” е лицето Денис Шабани**

7. Кандидат со шифра **“DDEL2026” е лицето Леунора Калиќи**
8. Кандидат со шифра **“224651” е лицето Игор Себишки**

По спроведеното дешифрирање на програмите, а согласно претходно утврдениот редослед и начинот на постапување, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, пристапи кон отворање на ковертот со придружна документација за кандидатот чија програма, доставена под шифра „Бубо“, доби мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет. При отворањето на ковертот беше утврдено дека **шифрата „Бубо“** се однесува на кандидатот **Џуљиан Шабани** од **Куманово**, роден на **21.04.1984** година.

По извршениот увид во доставената документација, беше констатирано дека кандидатот ја доставил севкупната задолжителната документација пропишана со Јавниот конкурс, и тоа: Програма за работа, професионална биографија, диплома за завршено високо образование од Универзитет на Југоисточна Европа, потврда за најмалку осум години работно искуство, потврда за искуство со раководење организација од најмалку четири години, како и нотарски заверена изјава согласно член 30 од Статутот на МРТ.

Имајќи предвид дека кандидатот Џуљиан Шабани освои најголем број гласови, а согласно начинот на постапување утврден на 39-та седница на Програмскиот совет, по извршениот увид во неговата документација беше констатирано дека во оваа фаза, документацијата на останатите кандидати нема да биде предмет на разгледување.

Програмскиот совет констатираше дека Програмата поднесена под шифра **„Бубо“** од кандидатот **Џуљиан Шабани** претставува сериозен и содржински издржан документ, изготвен врз основа на анализа на актуелните состојби во ЈРП МРТ. Материјалот содржи јасно дефинирани приоритети, развојни насоки и мерки за поддршка на оперативното управување, унапредување на координацијата во работењето и понатамошниот развој и модернизација на јавниот сервис.

Програмата на избраниот кандидат беше оценета како квалитетна, сеопфатна и концепциски јасно поставена која е заснована на јасни начела со прецизно дефинирани развојни приоритети и мерки насочени кон поддршка на оперативното управување, модернизацијата и развојот на ЈРП МРТ. Советот оцени дека програмата е усогласена со развојните приоритети на јавниот сервис и предвидува ефикасна координација со генералниот директор, Програмскиот совет, Надзорниот одбор и останатите организациски структури на МРТ, со цел обезбедување поефикасно функционирање и реализација на поставените стратешки цели.
Воедно, Советот оцени дека програмата содржи конкретни насоки за унапредување на внатрешната координација помеѓу телевизиските и радио сервисите, дигиталната трансформација и технолошката модернизација, развојот на сопствената продукција,

засилување на дописничката мрежа преку мобилно новинарство како и зајакнување на институционалната и меѓународната соработка, особено преку користење на програмите и механизмите на Европската радиодифузна унија (ЕБУ) и европските фондови. Значаен сегмент од програмата кандидатот посветува на примената и интеграцијата на вештачката интелигенција во автоматизираните уредувачки процеси, справувањето со дезинформациите со помош на новите дигитални алатки како и дигитализација и реставрација на историската архива на куќата. Посебно внимание во програмата кандидатот има посветено и на културниот и јазичен диверзитет како фундаментална и уставна вредност но и обврска на јавниот сервис.
Програмскиот совет заклучи дека, во целина, програмата на кандидатот Џуљиан Шабани претставува сериозен, сеопфатен и содржински издржан документ, со јасно поставени приоритети и соодветно предвидени мерки за поддршка на оперативното управување, координацијата со директорот и натамошниот развој и модернизација на ЈРП МРТ.

Водејќи се од доставената биографија, приложената евиденција и потврди за работниот стаж, Програмскиот совет констатираше дека кандидатот Џуљиан Шабани е медиумски и продукциски професионалец со долгогодишно искуство во телевизиска и филмска продукција, режија, монтажа, 3D телевизиска графика, аудио продукција и медиумски технологии, маркетинг и медиумски комуникации. Во текот на својата професионална кариера бил ангажиран во повеќе телевизиски и продукциски средини, меѓу кои TV HANA, TV ERA, TV Alsat M, МТВ, А1 ТВ и TV21, каде стекнал значајно искуство во телевизиската продукција, режијата, монтажата и продукцискиот менаџмент.
Дополнително, кандидатот има искуство како основач и управител на сопствена компанија во областа на продукцијата, комуникологијата и маркетингот, како и во реализација на меѓународни продукциски проекти. Согласно доставената биографија, кандидатот има завршено високо образование од областа на администрацијата и менаџментот и поседува повеќе професионални сертификати од областа на современите медиумски и информатички технологии. Програмскиот совет оцени дека неговото професионално искуство, стручни квалификации и стекнатите компетенции претставуваат соодветна основа за успешно извршување на функцијата Заменик на директорот на МРТ.

Претседателот Давор Пашоски констатираше дека од 13 присутни членови на Програмскиот совет на МРТ, **со 10 (десет) гласа ЗА, за Заменик на директорот на МРТ го избра кандидатот Џуљиан Шабани.**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја стави на гласање Одлуката за избор на Заменик на директорот на МРТ:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Бидејќи се исцрпија сите точки од дневниот ред, Претседателот Давор Пашоски констатираше дека 52-та седница е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството, со што ја затвори педесет и втората седница на Програмскиот совет на МРТ во 14:00 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-3997/3
13.07.2026г.

_________________________

Давор Пашоски